**ЕДУКАТИВЕН ЧАС ЗА НАЈМЛАДИТЕ**

Прекрасен едукативен сообраќаен час денес на најмладите од детската градинка им приредија организаторите : Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, детската градинка „Јасна Ристеска“, СВР Охрид и отсекот за образование при локалната самоуправа.

Проектот е во рамките на кампањата „Да ги заштитиме децата во сообраќајот“ со цел заштита на најмалите учесници во сообраќајот и подигање на свеста кај возачите за совесно управување со возилата, изјави претседателот на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот м-р Стефан Димоски. Претседателот додаде дека ова е уште еден едукативен час наменет за децата за тие практично да видат како функционира сообраќајот, кои се оние елементи кои мора да ги знаат и почитуваат и воедно да се грижат за својата безбедност на раскрсница како пешаци и да ги запознаат правилата за безбедно поминување на раскрсниците.

Претседателот Димоски нагласи дека со исклучителна помош на сообраќајната полиција при СВР Охрид, денес на децата им беа презентирани неколку теми од сообраќајот, по што раскрсницата на булеварот „Туристичка“ со „Јане Сандански“ беше „блокирана“ со цел најмладите да поминат по центарот на раскрсницата и да им ги покажат на возачите своите транспаренти со совети за безбедно возење автомобил. Димоски потенцира дека ова е уште еден обид за подигнување на безбедносната култура и воопшто на безбедноста во сообраќајот со што значително ќе се придонесе во намалување на сообраќајните незгоди во градот.

Според директорката на ЈОУДГ „ Јасна Ристеска“, Розе Костоска., оваа активност е со цел уште од мали нозе, децата да ги научиме како треба правилно да се однесуваат во сообраќајот, како во рамки на проектот Бон Тон така и во рамки на проектот „ За мојот пријател полицаец“ кој во нашата градинка се реализира веќе втора година по ред. Со ова сакаме да ги научиме децата како да се однесуваат во сообраќајот од мали нозе што ќе им остане како трајна вредност, смета Костоска.


polyesterday


Безбедно преминувај ја улицата на
ПЕШАЧКИ ПРЕМИН
СЕКОЕ ДЕТЕ


Безбедно преминувај ја улицата на
ПЕШАЧКИ ПРЕМИН
СЕКОЕ ДЕТЕ
ТИ СИ ОДГОВОРЕН






Најдобри цени
Бесплатна достава
02 5111 111
sales@polyesterday.com.mk
www.print.mk


НОВИ
ТОП ЦЕНИ
ЗА ОФСЕТ
ПЕЧАТЕЊЕ
02 5111 111
www.print.mk
ВНИМАВАЈТЕ НА
ДЕЦАТА ВО
СООБРАЌАЈОТ
ЗАТОА ШТО СУМ
САМО ДЕТЕ
OHRID INTERNATIONAL
SWIMMING MARATHON
23.08.2014

